ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 03 - 757 / 1
27.09.2024
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 114**

**Скопје, 27. 9. 2024 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на финансии (5.02.00.07) сметководство (5.02.00.06) и друго (5.01.00.09) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ (5.02.00.07) СМЕТКОВОДСТВО (5.02.00.06) И ДРУГО (5.02.00.09) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-677/5 од 6. 9. 2024 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 6. 9. 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на финансии, сметководство и друго на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија“ на ден 28. 6. 2024 година и во предвидениот рок се пријави:

- *д-р Мишо Николов*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Мишо Николов е роден 1978 година во Скопје, каде завршува основно и средно образование со одличен успех. Додипломски студии завршува на Економскиот факултет, во Скопје при Универзитет Св ”Кирил и Методиј”, насока Финансиско сметководствен менаџмент. Додипломските студии ги завршува со просек 8.3, а успешно ја брани додипломската работа во областа на Економијата на осигурување.

Во 2003 година заминува на магистерски студии во САД, како стипендист на американскиот Department of State (Министерство за надворешни работи на САД). Магистрира на Универзитетот Тексас A&M во областа економија (Economics) со просек 3.94 (од можни 4.0). За време на пост-дипломските студии во САД, работи за American Enterprise Institute – USA, каде учествува во работата на тимот за анализа на надворешната трговија на САД со фокус на економските односи помеѓу САД и Кина.

Во 2010 година се запишува на Докторски студии во областа на Економијата на Економскиот институт во Скопје, при Универзитет Св ”Кирил и Методиј”. Во февруари 2014 година со успех ја одбранува докторската дисертација со наслов “Принципите на добро управување со јавните финансии со осврт на стабилноста и долгорочната одржливост на буџетската политика на Република Македонија”

Д-р Мишо Николов има богатно рабтно искуство. Веднаш по диломирањето на Економскиот факултет се вработува во ОН-НЕТ – првиот македонски интернет провајдер каде работи во Секторот за продажба, а подоцна и во Секторот макретинг. Во 2002 година се вработува во Министерството за финансии, во Секторот за макроекономска политика каде работи 8 години. Во 2009 година од стрна на Градоначалникот на Град Скопје е избран за Извршен директор на Јавното сообраќајно претпријатие во Скопје, каде учествува во реализацијата на бројни проекти меѓу кои: Проектот за обнова на возниот парк на ЈСП и изградба на жичарницата Милениумски крст на Водно.

Во 2015 година, д-р Мишо Николов кариерата ја профолжува во Народната Банка на Република Македонија како Самостоен аналитичар во Дирекција за монетарна политика и истражување. Конкретно работи во надворешниот отсек за подготовка и анализа на Билансот

на плаќања.

Во 2021 година, д-р Мишо Николов се вработува како Внатрешен Ревизор во финансиското друштво ИУТЕ кредит. Во март 2024 година се стекнува со престижната лиценца CIA – Certified internal Auditor, издадена од Меѓународниот институт на внатрешни ревизори со седиште во Мајами, Флорида, САД.

Кандидатот посетил бројни семинари и обуки од областа на Макроекономијата. Работел на бројни проекти од кои ги издвојуваме: Проект добро Владеење во областа на Јавните финансии, Проект - подготовка на мерки за подобрување на извозот нарачан од Стопанската комора и др.

Во Универзитетот Американ колеџ Скопје е надворешен соработник од 2007 година.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Мишо Николов во 2007 година е назначен за надворешен соработник (истакнат стручњак од практиката) на Универзитетот Американ Колеџ Скопје каде предава повеќе предмети во рамки на додипломските студии организирани на Факултетот за деловна економија и организациони науки. Предава предмети од областа на Економија и тоа Јавни финансии во периодот 2010 – 2016 и предметот Еу - економикс во периодот 2016-2023 година. Предавањата ги изведува на англиски јазик.

Д-р Мишо Николов има објавено повеќе научни трудови и тоа:

| ***Труд*** | ***Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (21.06.2023)*** | ***Рецензирано списание*** | ***Референтна научна публикација*** |
|---|---|---|---|
| Magdalena Petrovska M., Tonovska J. , Nikolov M., Sulejmani A. (2022)<br>Evaluating monetary policy effectiveness in North Macedonia: Evidence from a Baesyan favar framework<br><br>South East European Journal of Economics and Business<br>Volume 17 (2) 2022, 67-82<br><br>*DOI:* ***10.2478/jeb-2022-0015*** | ***Да*** | ***Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието.*** | ***Да*** |
| Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and Nikolov, Misho (2023)<br>*Empirical analysis of Covid-19 crisis effects on the WB6 region.* | ***Да*** | ***Да. Утврдено според расположливи*** | ***Да*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Journal of Economics, 8 (1). pp. 20-28. ISSN 1857-9973<br>https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33015 | | ***информации на интернет страницата од списанието.*** | |
| Lazarov D., Nikolov, M., and Simenovski, K. (2023)<br>*Empirical analysis of financial intermediation and economic growth: The case of Macedonian economy.*<br>Journal of Economics, 8 (2). pp. 39-48. ISSN 1857-9973<br>https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32026 | ***Да*** | ***Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието.*** | ***Да*** |
| Lazarov D,, and Nikolov M, (2021)<br>*Macroeconomic impacts of the Covid-19 crisis on selected CEE countries.*<br>***Journal of Economics. ISSN 1857-9973***<br>***https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29250*** | ***Да*** | ***Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието.*** | ***Да*** |
| Lazarov, Darko and Nikolov, Misho and Simeonovski, Kiril (2023)<br>*Macroeconomic and bank-specific determinants of bank loans to private sector: The case of North Macedonia.*<br>Industry Journal, Vol. 5 (1). pp. 7-28. ISSN 0350-0373 | ***Да*** | ***Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието.*** | ***Да*** |

***Д-р Мишо Николов ги има објавено и следните научни трудови (постари од пет години од денот на објавувањето на конкурсот):***

***Petrovska M., Nikolov M. (2018) The determinants of core inflation in the Republic of*** Macedonia, Journal of Contemporary Economic and Business

Nikolov M. (2008) Potential Growth, Output Gap And The Cyclical Fiscal Position Of The Republic Of Macedonia

- Journal Articles, 2008

Popovska-Kamnar N., Nikolov M, Sulejmani A. (2016)” Determinants of the international reserves in the Republic of Macedonia

CEA Journal of Economics 11 (2)

Nikolov M, Popovska-Kamnar N (2016): Determinants of NPL growth in Macedonıa

Journal of Contemporary Economic and Business Issues 3 (2), 5-18

***Општествена дејност***

Д-р Мишо Николов како студент на Универзитетот Тексас А&М во САД бил потпретседател на Интернационалната студентска организација, пред се како одговорно лице за финансиското работење на организацијата.

Кандидатот е еден од основачите на Центарот за економски анализи – ЦЕА, како невладина организација која се занимава со економски истражувања. Преку ЦЕА работел на бројни проекти корисни за општеството.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Мишо Николов, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан стручен, научен и наставен развој и се оформува во квалитетен универзитетски наставник и научник. Неговата научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за продлабочен системски пристап кон пошироката област, која се однесува на групата предмети за кои конкурира.

Имајќи ја предвид севкупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оцени дека д-р Мишо Николов ги исполнува предвидените законски и други услови, поради што на Наставно-научниот совет му предлага д-р Мишо Николов да биде избран во звањето *насловен доцент* по група предмети од областа на финансии, сметководство и друго на Факултет за деловна економија и организациони науки при УАКС.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

вон. проф. д-р Душица Стевчевска Србиноска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Петрески, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Евица Делова-Јолевска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

University
American
College
Skopje